**20081031979**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 75 ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКИОТ БУЏЕТ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за судскиот буџет,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 1 август 2008 година.

Бр. 07-3402/1
1 август 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКИОТ БУЏЕТ**

Член 1

Во Законот за судскиот буџет (“Службен весник на Република Македонија” број 60/2003 и 37/2006), членот 7 се менува и гласи:

“Судскиот буџетски совет го сочинуваат претседател и десет члена.

Претседател на Судскиот буџетски совет е претседателот на Судскиот совет на Република Македонија.

Членови на Судскиот буџетски совет се:

- министерот за правда;
- претседателот на Врховниот суд на Република Македонија;
- претседателот на Управниот суд Скопје;
- претседателите на Апелациониот суд во Скопје, Апелациониот суд во Штип, Апелациониот суд во Битола и Апелациониот суд во Гостивар;
- двајца претседатели на основните судови по редослед утврден во Законот за судовите, од кои еден претседател од судовите со проширена надлежност, по системот на ротација, со мандат од две години и
- директорот на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Во работата на Судскиот буџетски совет учествуваат и претставници од Министерството за финансии, но без право на одлучување.”

Член 2

Во членот 8 став 3 зборовите: “Судскиот буџетски совет” се заменуваат со зборовите: “Судскиот совет на Република Македонија”.

Член 3

Во членот 10 став 1 зборовите: "Судскиот буџетски совет" се заменуваат со зборовите: "Судскиот совет на Република Македонија".

Во ставот 2 зборовите: "Врховниот суд на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "Судскиот совет на Република Македонија".

Член 4

По членот 20 се додава нов член 20-а, кој гласи:

"Член 20-а

Вработените, средствата и опремата во стручната служба на судскиот буџетски совет, ги презема Судскиот совет на Република Македонија.

Актите за внатрешна организација и Актот за систематизација на работните места со кои вработените во стручната служба ќе се распоредат на соодветни работни места, Судскиот совет ќе ги донесе во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон."

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2009 година.